# Колку чини обезбедувањето на БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ и ПАРАПРАВНА ПОМОШ на СИРОМАШНИТЕ и РАНЛИВИ лица во Македонија

Ограничениот пристап до правда за **сиромашните, Ромите, сексуалните работници, лицата кои користат droги и другите маргинализирани заедници** ја наметнаа потребата од воспоставување на **ТРИ модалитети** на бесплатна правна помош и услуги во РМ од страна на повеќе здруженија на граѓани.




**Само првиот модалитет е финансиски поддржан од државата.**

**Вториот и третиот модалитет се целосно поддржани од странска помош и донаторски средства.**

Сакајќи да одговориме на незадоволените правни потреби на сиромашните и на маргинализираните заедници, како и да обезбедиме одржливост на здруженијата кои ја обезбедуваат оваа помош и услуги, направивме анализа на:

**А) ТРОШОЦИТЕ** КОИ ЗДРУЖЕНИЈАТА ГИ ИМААТ ПРИ ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОМОШТА И УСЛУГИТЕ;

**Б) ТРОШОЦИТЕ** КОИ КОРИСНИЦИТЕ ГИ ИМААТ;

**В) ПРИДОБИВКИТЕ** КОИ СИРОМАШНИТЕ И ОСТАНАТИТЕ МАРГИНАЛИЗИРАНИ ЗАЕДНИЦИ ГИ ИМААТ ОД КОРИСТЕЊЕТО НА ТРИТЕ РАЗЛИЧНИ МОДАЛИТЕТИ НА ПРАВНА ПОМОШ.

# А ТРОШОЦИ кои ги имаат здруженијата при обезбедување на бесплатна правна помош

## ТРОШОЦИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО РАМКИ НА ЗАКОНОТ ЗА БПП

Просечен вкупен трошок по услуга **1.786 МКД**

Сиромашни лица кои имаат потреба од БПП на годишна основа **120.543**

× = **215.169.255 МКД**
(ВКУПЕН ТРОШОК НА ГОДИШНО НИВО)

Доколку се смени сегашниот критериум за задолжително ангажирање на правник со положен правосуден цена на чинење по услуга би изнесувала **1.286 МКД**

× = **154.998.523 МКД**
(ВКУПЕН ТРОШОК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕЗАДОВОЛЕНИТЕ ПРАВНИ ПОТРЕБИ НА ГОДИШНО НИВО)

МОДАЛИТЕТ бр. 1

**За споредба, Министерството за правда одвојува само 3.000.000 МКД годишно за бесплатна правна помош.**



## ТРОШОЦИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВОН ЗАКОНОТ ЗА БПП

Просечен трошок по клиент обезбеден од здруженијата **2.013 МКД**

Сиромашни лица кои имаат потреба од БПП на годишна основа **120.543**

× = **242.652.101 МКД**
(ВКУПЕН ТРОШОК ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА НЕЗАДОВОЛЕНИТЕ ПРАВНИ ПОТРЕБИ НА ГОДИШНО НИВО)

МОДАЛИТЕТ бр. 2

## ТРОШОЦИ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПАРАПРАВНА ПОМОШ

Просечен вкупен трошок по услуга **1.765,58 МКД**

Годишен број на предмети **20.797**
*(Незадоволени правни проблеми на ромското население)*

× = **36.719.495 МКД**
(ВКУПЕН ТРОШОК НА ГОДИШНО НИВО)

Трошок по предмет за параправните организации **1.766 МКД** + Трошок по предмет за поддршка од ЕСЕ **1.299 МКД**
*(кое обезбедува техничка помош и поддршка на здруженијата)*

**ВКУПНО = 3.064 МКД**
(ПО КЛИЕНТ)

**3.064 × 20.797 = 63.726.467 МКД**
(ВКУПЕН ТРОШОК НА ГОДИШНО НИВО ЗА ПАРАПРАВНИ УСЛУГИ)

МОДАЛИТЕТ бр. 3

# Б ТРОШОЦИ на корисниците

Корисниците, односно сиромашните и лицата од останатите маргинализирани заедници кои добиле бесплатна правна помош од здруженијата на граѓани имаат различни видови на трошоци поврзани со разрешување на нивниот правен проблем.

Патни трошоци пријавиле **107**
од вкупно **166** корисници

Само еден од корисниците на бесплатна правна помош немал ваков вид трошоци.

Сиромашните корисници може да бидат принудени да пешачат бидејќи тие едноставно немаат пари за да платат друг вид превоз.




ТАБЕЛА. *Број на корисници кои имале различни трошоци, според видот на услуга*




Во однос на висината на трошоците се забележува значителна разлика меѓу просечната вредност и средната вредност на трошоците посебно кај корисниците на параправна помош.

Истражувањето покажа дека постојат исклучителни случаи на високо пријавени трошоци за кои постои разумно објаснување, како што е во случај на корисниците на параправна помош.

ТАБЕЛА. *Вкупни трошоци, според видот на помошта (во денари)*

| Вид услуга | Број на корисници | Вкупно | Просечен трошок | Среден трошок |
|---|---|---|---|---|
| Бесплатна правна помош вон ЗБПП | 25 | 17.820 | 713 | 300 |
| Бесплатна правна помош според ЗБПП | 34 | 8.475 | 249 | 100 |
| Параправна помош | 107 | 152.597 | 1.426 | 140 |
| **Вкупно** | **166** | **178.892** | **1.078** | **140** |

# В

## **ПРИДОБИВКИ** кои сиромашните и останатите маргинализирани заедници ги имаат од користењето на трите различни модалитети на правна помош

Оценката за ПРИДОБИВКИТЕ е пресметана врз основа на просечната вредност на оценките за ОСУМ АСПЕКТИ на услугите обезбедени од граѓанските организации.







Граѓанските организации кои обезбедуваат бесплатна правна помош вон системот на ЗБПП се оценети со 97%, параправната помош со 93%, додека овластените организации кои обезбедуваат правна помош според ЗБПП имаат многу помала оценка од 69%

ТАБЕЛА.

*Збирен преглед на трошоците и придобивките по услуга / корисник*

| | | Сиромашни корисници | Влада | Граѓански организации | Адвокати |
|---|---|---|---|---|---|
| БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВО РАМКИ НА ЗБПП | **Трошоци** | **243** | **13** | **1.785** | **5.368** |
| | Директни трошоци | 155 | 13 | 1.785 | 5.362 |
| | Индиректни трошоци | 88 | 0 | 0 | 6 |
| | **Придобивки** | **69%** | | | |
| БЕСПЛАТНА ПРАВНА ПОМОШ ВОН ЗБПП | **Трошоци** | **719** | **0** | **2.013** | |
| | Директни трошоци | 380 | 0 | 2.013 | |
| | Индиректни трошоци | 339 | 0 | 0 | |
| | **Придобивки** | **97%** | | | |
| ПАРАПРАВНА ПОМОШ | **Трошоци** | **1.427** | **0** | **3.065** | |
| | Директни трошоци | 1.367 | 0 | 3.065 | |
| | Индиректни трошоци | 60 | 0 | 0 | |
| | **Придобивки** | **93%** | | | |


Финансиски поддржано од:

Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА